


# КАКО МАКПЕТРОЛ ГИ НАМАЛИ ТРОШОЦИТЕ И ГО ПОЕДНОСТАВИ РАБОТЕЊЕТО СО ПОПАМЕТНО УПРАВУВАЊЕ СО ДОКУМЕНТИ

Откријте како Makpetrol AD го трансформира управувањето со документи со решенијата на Canon, автоматизирајќи ги работните процеси, намалувајќи ги трошоците и обезбедувајќи целосна видливост над секој документ, со цел зголемување на ефикасноста низ целото работење на компанијата.

Макпетрол АД е водечка енергетска компанија во Северна Македонија, со повеќе од 79 години искуство во дистрибуција и трговија со нафтени деривати и природен гас. Макпетрол АД вработува повеќе од 2.000 луѓе и располага со широка мрежа на бензински станици и поврзани друштва, поради што зазема значајно место во енергетскиот сектор на Северна Македонија.

**ИМЕ НА КОМПАНИЈАТА:**
Макпетрол АД

**ЛОКАЦИЈА:**
Скопје, Северна Македонија

**ОСНОВАНА:**
1947 година

**ИНДУСТРИЈА:**
Енергетика / нафта и гас

**ДЕЈНОСТ:**
Дистрибуција и трговија со нафтени деривати и природен гас

## ПРЕДИЗВИК: ШИРЕЊЕ НА РАБОТЕЊЕТО И СЀ ПОГОЛЕМА КОМПЛЕКСНОСТ НА ПРОЦЕСИТЕ

Како што компанијата растеше, управувањето со документацијата и процесите на печатење стануваше сѐ посложено. Рачните процеси и сѐ поголемиот обем на документација доведоа до:

- Побавна обработка на документи
- Зголемено административно оптоварување
- Помала прегледност и контрола

> **НИ БЕШЕ ПОТРЕБНО СИГУРНО И СКАЛАБИЛНО РЕШЕНИЕ КОЕ ЌЕ ГО СКРАТИ ВРЕМЕТО НА ОБРАБОТКА, ЌЕ ГИ НАМАЛИ ЗАСТОЈИТЕ И ЌЕ ГИ УНАПРЕДИ ИНТЕРНИТЕ ПРОЦЕСИ.**
>
> Даниела Милковска Стојковска, раководител на ИТ проекти



> **ИСТОВРЕМЕНО, НИ БЕШЕ ВАЖНО СИСТЕМОТ ДА МОЖЕ ДА ГО ПОДДРЖИ ИДНИОТ РАСТ НА КОМПАНИЈАТА И ИНИЦИЈАТИВИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ДИГИТАЛНАТА ТРАНСФОРМАЦИЈА.**
>
> Марина Веселинска, раководител на финансиско планирање и анализи

## РЕШЕНИЕ: ИНТЕГРИРАН ПРИСТАП КОН УПРАВУВАЊЕ СО ДОКУМЕНТИ

Макпетрол АД, во соработка со компанијата Canon и својот доверлив локален партнер компанијата Abix, ја унапреди својата инфраструктура за управување со документи. Процесот на трансформација започна пред повеќе од десет години со воведување на Canon уреди и интегрираното софтверско решение **uniFLOW™**, со што беа овозможени поголема контрола и повисоко ниво на безбедност во областа на печатењето и управувањето со документи.

Надоврзувајќи се на оваа основа, **системот за управување со документи Canon Therefore ™** овозможи ново ниво на дигитална трансформација преку автоматизација и централизација на клучните процеси.

Благодарение на тоа, Макпетрол АД успеа:

- Да ја автоматизира обработката на влезни фактури
- Да го централизира следењето на документацијата
- Да овозможи целосна транспарентност на работните текови
- Да ги поедностави административните процеси
- Самостојно да развива нови процеси, без потпирање на надворешни ресурси






## РЕЗУЛТАТИ: ПОБРЗИ ПРОЦЕСИ. ПОНИСКИ ТРОШОЦИ. ПОГОЛЕМА КОНТРОЛА.

Со оптимизација на процесите и унапредување на прегледноста на работењето, Макпетрол АД оствари значајни оперативни подобрувања:

- Намалување на трошоците за печатење за 30%
- Скратување на времето на обработка од неколку дена на приближно два часа
- Поголема ефикасност и транспарентност на процесите
- Унапредена контрола на процесите

> **БЛАГОДАРЕНИЕ НА CANON РЕШЕНИЈАТА И ГОЛЕМАТА ПОДДРШКА ОД ЛОКАЛНИОТ ПАРТНЕР ABIX, НАШИТЕ РАБОТНИ ТЕКОВИ ДЕНЕС СЕ ПОБРЗИ, ПОПРЕГЛЕДНИ И ЗНАЧИТЕЛНО ПОЕДНОСТАВНИ ЗА УПРАВУВАЊЕ.**
>
> Бојан Лекиќ, раководител на сметководство

**Canon CEE GmbH**
Претставништво Белград
Омладинских бригада 90б
11070 Нови Белград, Србија
Tel: +381 11 3533 480
www.canon.com.mk

**Canon Europe Ltd**
4 Roundwood Avenue
Stockley Park
UB11 1ET
www.canon-europe.com